Врз основа на член 48 став (5) од Законот за стручно образование и обука („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 3/25, 74/25 и 111/26), министерот за образование и наука донесе

# ПРАВИЛНИК
## за стандарди и нормативи за акредитација на установа за образование за мајстор

### Член 1

Со овој правилник се утврдуваат стандардите и нормативите кои треба да ги исполнува установата за акредитација за реализација на образование за мајстор во постсредното образование.

### Член 2

За акредитација на установата за образование за мајстор во постсредното образование (во натамошниот текст: установата) потребно е установата да има обезбедени наставни планови, наставни програми и испитни програми утврдени од министерот за образование и наука, согласно кои ќе се реализира образованието за мајстор за соодветната квалификација.

### Член 3

Установата треба да располага со училница за теоретска настава со најмалку 1,7 $m^2$ простор по ученик.

Просторот треба да овозможува удобно сместување на планираниот број ученици, со обезбедена слободна циркулација и услови за непречено одвивање на наставниот процес.

Распоредувањето на клупите, столчињата и другата опрема треба да овозможува реализација на различни форми на наставна работа.

Патеките за движење треба да бидат непречени, со обезбеден простор за свртување и минување.

### Член 4

Установата треба да располага со училница за практична настава, опремена со наставни средства и помагала согласно со наставните програми и стандардите и нормативите за простор и опрема.

Доколку установата не располага со опремата и просторот пропишани со стандардите и нормативите за простор и опрема, може да склучи договор со работодавач кој ги исполнува стандардите и нормативите за простор и опрема, за користење на соодветен простор (занаетчиски дуќан, работилница или друг соодветен простор) за реализација на практичната настава.

### Член 5

Установата треба да располага со финансиски средства за реализација на образованието за мајстор и спроведување на мајсторскиот испит.

За исполнување на условот од ставот 1 на овој член, установата доставува потпишана изјава за обезбедени финансиски средства.

### Член 6

Установата располага со соодветна документација и акти со кои се обезбедува исполнување на условите за безбедност и здравје при работа, вклучително и процена на ризик, докази за извршени проверки на електрични и противпожарни инсталации, обезбедена заштитна опрема и друга документација согласно важечките прописи.

**Член 7**

Наставата во установата ја изведува наставен кадар кој ги исполнува условите согласно нормативите за наставен кадар утврдени во наставните програми за образованието за мајстор.

**Член 8**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на неговото донесување.

**Бр. 13-9407/1** **Министерка за образование и наука,**

**15.07.2026 година** **проф. д-р Весна Јаневска, с.р.**

**Скопје**